**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 27.04.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Весна Симоновска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2022 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2022 година.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
6. Став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на доставеното известување за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои Записникот од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата ги разгледа квартланите извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2022 година.

Г-дин Петрушевски објасни дека во овие документи прецизно се наведени најважните активности што Агенцијата ги сработила првите три месеци од оваа година. Наведе дека Советот по нив не гласа, но може да дискутира и согласно нивната содржина членовите на Советот подетално се запознаени со сите активности на Агенцијата.

**Точка 4**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека станува збор за Извештај од редовен програмски надзор при што е утврдено дека во забавно-документарната емисија „Брза кујна“, иако се пласирани производи, таа не е соодветно означена како програма во која се пласирани производи. Упатен им е допис со кој е побарано писмено да се произнесат во врска со прекршувањето, но тоа не го сторија. Во таа насока се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 30 дена по приемот на решението и потоа ќе се спроведе контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-1637/1 од 08.04.2022 година за извршен редовен програмски надзор и едногласно заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 став 5 од ЗААВМУ затоа што на 22 март 2022 година, емитувани се репризно и премиерно издание од „Брза кујна“, забавно-документарна емисија, кои не беа означени како програма во која се пласирани производи.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст)

бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за Извештај од редовен административен надзор при што е утврдено дека на 22 март 2022 година, во дел од емитуваните програми, радиодифузерот не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Доставено им е писмено барање да се произнесат за направениот прекршок но не го сторија. Предлогот е да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 45 дена од денот на приемот на Решението по што ќе се спроведе контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-1634/1 од 08.04.2022 година и едногласно заклучи на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 22 март 2022 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на доставеното известување за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Објасни дека минатата година од месец март до јуни Државниот завод за ревизија направи контрола на работењето на Агенцијата. Забелешките кои беа дадени од нивна страна во меѓувреме се отстранети. Последната забелешка беше начинот на кој што беше спроведен пописот и минатиот месец беа во проверка дали е постапено по препораките со што се констатира дека е во ред. Оттаму предлогот е дека Советот се согласува со преземените мерки и активности што ги има доставено ДЗР до Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека сè што препорачал ДЗР службата и директорот го реализирале. Согласно Законот потребно е Советот да го донесе ставот. Се изјасни неговиот личен став е дека се согласува со реализираните препораки од ДЗР и спроведените активности од страна на АВМУ.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека во целост се согласува со известувањето за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор, заверено во Агенцијата под број 03-839/2 од 05.04.2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-1779/5

09.05 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**